Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 100, 15 април 2013 година

април 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент за научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип............................ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....................................................16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....................................................25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................35

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник-помлад асистент од научното подрачје технички науки (електронска микроанализа) на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..........................................42

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент за наставно-научната област процесирање на податоци и информациски системи и програмирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............................45

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .....................................................54

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта“ од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика“ - практикум од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 64

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, општ дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, специјален дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по интелигентни системи’’ од авторите вон. проф. д-р Цвета Мартиновска и пом. асс. м-р Доне Стојанов, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Претприемништво“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот„Практикум по органска хемија за технолози“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Инвестициско банкарство“ (скрипта) од авторот д-р Љупчо Давчев, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 79

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по информатика“ од авторите д-р Зоран Здравев, м-р Ѓорѓи Димов, м-р Силвана Жежова и м-р Владан Андоновиќ ............ 83

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ............ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ФАРМАКОЛОГИЈА ЗА СТОМАТОЛОЗИ, ОПШТ ДЕЛ“ ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ТРАЈАН БАЛКАНОВ И ПРОФ. Д-Р СРЃАН ПЕШИЌ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр.2502-42/71 од 84. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 20.2.2013 година, за изготвување на рецензија за приложениот ракопис „*Фармакологија за стоматолози, општ дел*“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, наменет за студентите по стоматологија од прв циклус на студии на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, избрани се рецензентите:

– проф. д-р Петар Милошевски, редовен професор на Институт за фармакологија при Медицински факултет - Скопје;
– проф. д-р Гордана Пешиќ, редовен професор на Институт за фармакологија со токсикологија при Медицински факултет - Ниш, Србија.

По разгледувањето на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како рецензенти го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Понудениот ракопис од доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ со наслов „Фармакологија за стоматолози, општ дел“ како интерна скрипта за објавување во електронска форма на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е наменет за предметот Фармакологија, во третиот семестар, за студентите на стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со неделен фонд на часови од 3+1+0. Приложениот ракопис на доц. д-р Балканов и проф. д-р Пешиќ е во согласност со Предметната програма за курсот *Фармакологија*, а авторите на почетокот од скриптата ја нудат токму таа Предметна програма според која и е елаборирана наставната материја во овој труд. Од понудената Предметна програма и од содржината на скриптата очигледно е дека авторите се придржувале стриктно до наставната програма предвидена за курсот по *Фармакологија*.

Ракописот на доц. д-р Балканов и проф. д-р Пешиќ има вкупно 73 страници, А4 формат и според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензирана интерна скрипта во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во својата содржина скриптата е збогатена со табели и слики кои во една сосема прегледна форма на студентите им ги предочуваат и им ги поедноставуваат сложените структурни наставни единици од областа на општата фармакологија како научна дисциплина. Станува збор, имено, за скрипта што е изработена врз основа на една специфична предметна програма од областа на општата фармакологија, составена од предметниот наставник доц. д-р Трајан Балканов во соработка со проф. д-р Срѓан Пешиќ. Оваа скрипта ќе биде голем придонес поради тоа што досега нема издадено комплетен учебник по Фармакологија кој би бил наменет само за стоматолози, во кој се опфатени сите наставни единици предвидени со таа програма. Токму затоа оваа интерна скрипта по општа фармакологија од доц. д-р Балканов и проф. д-р Пешиќ се јавува како неопходен наставен прирачник што на студентите од стоматологија во голема мера ќе им го олесни совладувањето на мошне сложената материја за најосновните фармакокинетски и фармакодинамички процеси во човековиот

организам. Дотолку повеќе што при изработката на овој труд авторот консултирал бројни библиографски единици што се однесуваат на современите достигнувања во рамките на оваа проблематика, односно конкретно на општата фармакологија.

На почетокот е дадена содржината што ќе им ја олесни на студентите ориентацијата во понудениот материјал од скриптата. Веднаш потоа е даден еден сосема кус предговор во кој авторот ги воведува студентите во основната содржина на скриптата, а потоа се нуди деталната предметна програма по курсот Фармакологија со конкретно наведена литература. Материјата, пак, што се презентира во оваа интерна скрипта е систематизирана во десет теми: 1) Општа фармакологија која ги опфаќа поимот за лек и отров, потеклото, имињата и начинот на примена на лековите; 2) Судбината на лекот во организмот која ги опфаќа сите фармакокинетски процеси: апсорпција, дистрибуција, метаболизам и елиминација на лековите, односно промените на физичките и хемиските особини на лековите од моментот на апликација до моментот на нивната елиминација од организмот; 3) Можните механизми на дејствување на лековите; 4) Факторите кои влијаат врз одредувањето на дозата и начинот на дозирање на лековите. 5) Факторите кои може да го менуваат дејството на лековите; 6) Зависност од лекови; 7) Несаканите дејства на лековите; 8) Алергиски реакции на лековите; 9) Интеракција на лековите и 10) Воведување на нови лекови во праксата. Како што потенцираат и авторите во предговорот, идејата во оваа скрипта била целата обемна и комплексна материја да им ја приближат на студентите на еден едноставен и разбирлив начин, во што и успеале. Покрај тоа, табелите и сликите кои се составен дел на оваа скрипта во една сосема прегледна форма на студентите им ги предочуваат и им ги поедноставуваат сложените структурни наставни единици од областа на општата фармакологија како научна дисциплина. Тоа бездруго значи дека доц. д-р Балканов и проф. д-р Пешиќ во оваа скрипта мошне умешно ги искомбинирале теориските и практичните основи на општата фармакологија како научна дисциплина. Покрај ова, на крајот од скриптата под насловот „Литература“ се нудат поголем број референци коишто се користени при изработката на оваа скрипта што истовремено претставува и дополнителна информација за користење на литература за оние студенти што ќе имаат желба да навлезат многу подлабоко во областа на општата фармакологија.

## ЗАКЛУЧОК

При презентирањето на материјата од областа на општата фармакологија авторите на овој труд применуваат современи начела и принципи и од методски и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски, децидно и сосема прегледно што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, да ја восприматат и да ја разберат суштината на предочената содржина од општата фармакологија. Скриптата претставува значајно дело кое со својата структура и намена е новина, со оглед на тоа дека дека на нашиве простори нема комплетен учебник по предметот Фармакологија кој би бил наменет само за стоматолози. Секако, таа е еднакво корисна и за студентите од другите студиските програми на Високата здравствена школа, како и веќе дипломираните студенти, како прирачник за брзо повторување и потсетување на претходно наученото.

Според тоа, може да се заклучи дека трудот со наслов „Фармакологија за стоматолози, општ дел“ од доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензирана интерна скрипта. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронска интерна скрипта на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Петар Милошевски, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Пешиќ, с.р.**